Бр./Nr 12-1690/4
15-11-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапувањето по пријавата со број 12-1690/1 од 31.05.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема прекршување на забраните во изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година, уредени во чл. 34 ст. 1 ал. 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од страна на службено лице ///, ///, во предметниот случај.

Предметот со број 12-1690/1 од 31.05.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1690/1 од 31.05.2024 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител, по електронски пат. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за прекршување на забраните во изборниот процес за време на претседателските и парламентарни избори 2024 година, уредени во чл. 34 ст. 1 ал. 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (чл. 8-а ст. 1 ал. 3 од Изборниот Законик), од страна на службено лице ///, ///. Имено, подносителот на пријавата наведува дека за време на изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година, му бил прекинат работниот однос во ///.

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК побара податоци, информации и документација за предметниот случај од /// и врз основа на добиеното утврди

дека, во предметниот случај, нема прекршување на забраните во изборниот процес претседателски и парламентарни избори 2024 година, уредени во чл. 34 ст. 1 ал. 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, од страна на службено лице ///, ///. Подносителот на пријавата не бил вработен во ///, туку бил ангажиран со договор за дело, што значи дека не бил воспоставен редовен работен однос, а пријавата е за прекин на редовен работен однос. Следствено, ДКСК оцени дека нема основи за натамошно постапување по предметот, постапката ја запре и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б. К. Ш., член

Доставено до:
- Подносителот

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk